Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# ПРАВИЛНИК
## за издавачка дејност

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи, организирањето и остварувањето на издавачката дејност на Приватната Високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст: ФБЕ)

### Член 2

Издавачката дејност на ФБЕ се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишни зборници, друга прирачна литература, гласила, издавање соодветни обрасци за потребите на ФБЕ, (во понатамошниот текст: изданија) и други материјали во печатена и електронска форма.

Учебниците и учебните помагала од став 1 на овој член, не можат да се употребуваат во наставно - образовниот процес доколку не се издадени во согласност со овој Правилник.

### Член 3

Изданијата од член 2, став 1 од овој Правилник, не смеат да содржат дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија.

Во случај на постоење дискриминација, одговорен е авторот, односно авторите и рецензентот, односно рецензените.

За автентичноста и точноста на содржината од изданијата кои се предмет на регулирање на овој Правилник имаат одговорност авторот, односно авторите и рецензентот, односно рецензените, соодветно.

**Член 4**

Издавачката дејност на ФБЕ се реализира врз основа на средствата планирани за издавачка дејност на Факултетот.

Учебниците и учебните помагала, доколку се утврди потреба за истите, може да ги издава ИБЕ во рамките на средствата обезбедени за издавачка дејност.

Доколку се утврди дека на ИБЕ не се обезбедени средства за издавање на учебник односно учебно помагало, авторот/авторите може постапката за издавање на учебникот односно учебното помагало да ја започне/ат со друга издавачка организација.

**Член 5**

За издавачката дејност на ФБЕ, одлучува Комисија формирана од Директорот на ФБЕ, со мандат од 3 години, со право на реизбор.

Комисијата од претходниот став ја сочинуваат директорот на ФБЕ и двајца членови од редот на наставниците, доколку не е поинаку утврдено со овој Правилник.

**Член 6**

ФБЕ, во областа на издавачката дејност врши:

- утврдување на состојбите и потребите од изданијата кои се од интерес на ФБЕ;
- објавување на изданија за остварување на целите на ФБЕ во печатена, односно во електронска форма;
- печатење и продажба на изданијата;
- обезбедување на информираност на студентите за издавачката дејност на ФБЕ;
- унапредување и осовременување на издавачката дејност на ФБЕ;
- обезбедување на материјални средства за издавачка дејност;
- координирање на активностите во издавачката дејност со другите високообразовни установи и другите издавачи во Република Македонија;
- вршење на преведувачка дејност на квалитетни меѓународно афирмирани учебници и
- други мерки и активности.

## II. СРЕДСТВА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 7**

Средствата за издавачката дејност се обезбедуваат од:

- продажба на печатени и електронски изданија;

- членарина за користење на дигитална библиотека и електронско издаваштво;
- котизација за издавање на трудови во изданијата на ФБЕ;
- непосредна соработка со правни и физички лица и други установи,
- спонзорства од правни и физички лица и други установи и
- други извори.

**Член 8**

Од средствата за издавачка дејност се покриваат трошоците за:

- авторски надомест;
- печатење;
- електронско издаваштво;
- продажба и маркетинг.

## III. ИЗДАНИЈА НАМЕНЕТИ ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

**Член 9**

Издавачката дејност за потребите на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност се состои од издавање на учебници, учебни помагала, студии, научни/стручни списанија, монографии, годишници, зборници и сл.

**Учебник** претставува труд изработен според соодветна предметна програма за реализација на студиската програма.

**Учебно помагало** претставува труд во вид на скрипта, практикум, хрестоматија/одбрани текстови, збирки задачи, речници и сл. во функција на реализација на предметната програма.

**Студија** претставува труд во кој се содржани самостојни научно – истражувачки резултати кои значат значаен и оригинален придонес во научната област.

**Научно/стручно списание** е издание во кое се содржани повеќе научни/стручни трудови од одредено научно подрачје/поле согласно закон.

**Меѓународно научно списание** со меѓународен научен уредувачки одбор е издание во кое се содржани повеќе научно – истражувачки трудови од одредено научно подрачје/поле согласно закон.

**Годишник/зборник** е редовно издание во кое се содржани трудови на наставно – научните и соработничките кадри на факултетот.

**Монографија** е е академска книга или трактат на еден единствен предмет или група сродни предмети, несериска публикација која е целосна самата за себе. Монографијата се

издава еднократно, во еден том или во однапред дефиниран број на томови и опфаќа една единствена тема или област, во авторство на еден или повеќе автори.

**Електронско издание** претставува форма на издавање на материјалите на електронски мемориски уред (CD, DVD, USB, преку интернет врска и слично) имајќи ги предвид законските одредби за почитување на авторските и другите права на субјектите вклучени во изработка на материјалите. Електронското издание се објавува на веб страната на ФБЕ.

## IV. КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ОБЕМ И ТИРАЖ НА УЧЕБНИЦИТЕ И УЧЕБНИТЕ ПОМАГАЛА

### Член 10

Бројот на авторските табаци на учебникот во печатена, односно електронска форма не смее да надминува половина од бројот на часовите предвидени за предавања, а бројот на авторските табаци на учебното помагало не смее да надмине половина од бројот на часови предвидени за вежби.

### Член 11

Тиражот на учебникот, односно на учебното помагало се определува во зависност од бројот на студентите за кои тоа е наменето, имајќи во предвид дека треба да ги задоволи потребите за најмалку 3 (три) години.

### Член 12

За тиражот, како и за реализација на издавачкиот план и за организирање и унапредување на издавачката дејност, одлучува Комисијата од член 5 на овој Правилник.

По проценка  на комисијата, а пред исполнување на тиражот, изданието може да се печати повторно, согласно потребите.

### Член 13

Комисијата надлежна за издавачката дејност:

- ја организира издавачката дејност на ФБЕ и презема мерки за нејзино унапредување;
- го предлага точниот број на тиражот за изданијата;
- ги утврдува цените и надоместоците за продажба и користење на електронските изданија и дигиталната библиотека;
- ја утврдува продажната цена на учебниците и учебните помагала;

- одлучува за исполнетоста на условите за издавање на учебници, односно учебни помагала;
- врши и други работи согласно овој Правилник и внатрешните акти на ФБЕ.

## V. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ И УЧЕБНИ ПОМАГАЛА

### Член 14

Постапката за издавање на учебник, односно учебно помагало започнува со поднесување на писмено барање од авторот, односно авторите до Наставничкиот совет на ФБЕ.

Во образложението кон барањето, авторот треба да ги даде следниве податоци:

- Наслов на делото;
- за кого и за што уште може да послужи;
- за оправданоста на целта на издавањето на делото;
- за категоризација на делото согласно овој Правилник;
- за планираниот број на страници (авторски табаци).

Со барањето, авторот го доставува и делото во печатена форма, во 3 (три) вкоричени примероци.

Авторот, односно авторите, сноси целосна морална, материјална и кривична одговорност за автентичноста на текстовите и авторските права.

### Член 15

Наставничкиот совет доколку ја утврди потребата за издавање на учебник, односно учебно помагало, избира најмалку двајца рецензенти, специјалисти од потесната научна област на која се однесува делото.

### Член 16

Рецензентите се должни во рок од два месеци, сметано од денот кога е донесена одлуката за избор на рецензенти, да достават рецензија во три примероци, напишана на македонски јазик.

Ако рецензентите во рокот утврден во став 1 на овој член, не достават рецензија, Наставничкиот совет на ФБЕ избира нови рецензенти.

### Член 17

Рецензиите се состојат од општи и посебни делови од рецензијата за изданието што е предмет на рецензирање.

Општиот дел се состои од:

- назив на учебникот, односно учебното помагало;
- назив на предметната програма за која се однесува;
- име и презиме на авторот, односно авторите;
- дали се работи за прво издание или не;
- кога не се работи за прво издание, во колкава мера се разликува од претходното;
- општи податоци за учебникот, односно учебното помагало (број на страни, прилози, заглавја или делови и сл.).

Посебниот дел на рецензијата се состои од:

- краток опис на содржината;
- оцена дали предложеното издание е во согласност со предметната програма;
- категоризација на делото (учебник или учебно помагало);
- заклучок со предлог за оправданоста за објавување на делото;
- предлози за потребни корекции;
- изјава дека делото не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија;
- изјава за процентот на промените доколку е повторено дело;
- други елементи.

**Член 18**

Ако рецензијата не ги содржи елементите утврдени во член 17 од овој Правилник, Наставничкиот совет ќе ја врати рецензијата на доработка.

**Член 19**

Ако за делото се дадени предлози за потребни корекции од страна на рецензентите, авторот, односно авторите се должни да постапат по истите.

**Член 20**

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ ги усвои рецензиите, носи одлука за издавање на делото.

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ не ги усвои рецензиите, постапката за објавување, односно печатење на делото се запира.

Ако двете рецензии се негативни, постапката за објавување односно за печатење на делото се запира.

Ако едната рецензија е негативна, Наставничкиот совет на ФБЕ ќе назначи и трет рецензент кој ќе ги има истите права и обврски утврдени во член 16 и член 17 од овој Правилник.

Само доколку рецензијата од третиот рецензент е позитивна и усвоена од Наставничкиот совет на ФБЕ, ќе се донесе одлука за објавување, односно печатење на делото.

**Член 21**

По донесувањето на одлуката за издавање на делото, а доколку се работи за печатено издание, авторот, односно авторите поднесуваат барање за финансирање на печатењето до Комисијата од член 5 на овој Правилник.

**Член 22**

Комисијата го разгледува барањето за печатење на делото и доколку го прифати истото носи одлука за печатење на делото.

Доколку Комисијата го одбие барањето на авторот, односно на авторите за печатење на делото, авторот, односно авторите може да обезбеди спонзорство за печатење или да ја отпочне постапката за издавање од почеток со друга издавачка организација.

**Член 23**

Учебниците и учебните помагала во издание на ФБЕ, покрај насловот и името и презимето на авторот, односно авторите, во заглавието го носат и логото на ФБЕ, а под логото се впишува целосниот назив на ФБЕ.

На внатрешната страна на насловниот лист (во поткорицата) се отпечатува целосниот називот на издавачот, категоризација на изданието, имињата на рецензентите и други податоци.

**Член 24**

Ако наставник предлага да се преведе некој учебник, односно учебно помагало од друг јазик на македонски јазик, постапката е идентична како онаа за издавање на оригинално дело, дополнително со согласност од авторот за преведување на неговото дело, доколку за тоа има потреба.

**Член 25**

Доколку изданието е објавено во електронска форма, истото ќе може да се печати и во материјална форма на трошок на ИБЕ, само со одлука на Комисијата од член 5 на овој Правилник, во зависност од потребите на студентите и на ИБЕ.

**Член 26**

Правата и обврските на авторите и издавачот ќе бидат уредени со договорот кој се склучува меѓу нив.

**Член 27**

На авторот, односно авторите, по првото издание на ракописот му следуваат 20, а при следните неизменети изданија, како и при измени до 25%, 10 бесплатни примероци.

## VI. ПРОМОЦИЈА НА УЧЕБНИЦИ, УЧЕБНИ ПОМАГАЛА И ДРУГИ ИЗДАНИЈА

**Член 28**

ФБЕ врши промоција на оние учебници, учебни помагала и други изданија кои се од посебно значење и придонесуваат за развојот и унапредувањето на наставно – научната и истражувачката дејност на ФБЕ и пошироко.

Одлука за промоција носи Наставничкиот совет на ФБЕ.

Промоцијата се организира од страна на ФБЕ, а се врши во пригодна свеченост, на која јавноста се запознава со учебникот што се промовира.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 30**

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат одредбите од Правилникот за издавачка дејност со арх. бр...

**Член 31**

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото донесување.

Директор
д-р Биљана Ѓозинска, с.р.